
ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2015

СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- зборник на трудови -

2015, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП

СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Штип

2015

MUNICIPALITY OF STIP
COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES STIP

CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

2015, STIP

Издава

НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Охридија Лазарова

Организационен одбор

Снежана Мирасчиева – **претседател**

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Снежана Ставрева Веселиновска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јорданчо Митков, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Милена Ристова Михајлова, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Јовче Арсов, Вања Џамбазова Николовска, Ванче Маневски, Охридија Лазарова, Верица Јосимовска

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор

Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова(Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција
Снежана Санева, Милена Ристова Михајловска

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Верица Јосимовска

Тираж
500

Печати
Полиестердеј - исток, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(497.7)(082)

СОСТОЈБИ, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип: НУ - Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2015. - [215] стр. : илустр.36; 21 см

На стр. 3: Conditions, challenges and perspectives in education in Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Abstract. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-242-021-9

а) Образование - Македонија - Зборници
COBISS.MK-ID 100055306

Содржина

Предговор 1

1. Мирасчиева Снежана, Ѓорѓева Петрова Емилија, Ставрева Веселиновска Снежана, **Воспитанието и образованието низ призмата на идните перспективи и развој**
   Mirascieva Snezana, Petrova Gjorgjeva Emilija, Stavreva Veselinovska Snezana,
   Education through the prism of future prospects and development …….2

2. Јованова-Митковска Снежана,
   Професионални компетенции на воспитувачите
   Jovanova-Mitkovska Snezana,
   The professional competences of preschool educators ……6

3. Симоновска Елизабета,
   Критичност, самокритичност или релативизација
   Simonovska Elizabeta,
   Criticizm, self-criticizm or relativization ……12

4. Белташева Маја,
   Соработката меѓу предучилишните установи и родителите
   Beltaseva Maja,
   Cooperation between pre-schools institution and parents ……15

5. Димова Габриела,
   Здравственото воспитание /и/ образование и формирањето на здравствена култура кај децатаод предучилишна возраст
   Dimova Gabriela,
   Health education and formation of health culture among preschool children ……..18

6. Грегова Татјана, Цацков Оливер,
   Состојби, перспективи и предизвици во воспитанието во Република Македонија - предучилишно воспитание
   Gregova Tatjana, Cackov Oliver,
   Condition, perspective and challenge in education in Republic of Macedonia-Preschool education …… …25

7. Јанева Радмила,
   Проект „Од текстил до мода“
   Janeva Radmila,
   Project „From textiles to fashion“ …….28

8. Дончева Јулија, Јамакова Фатме,
   Ефективноста на проектно ориентираната дејност на студентите во нивната подготовка за професионална педагошка реализација
   Doncheva Julia, Yamakova Fatme,
   Effectiveness project-oriented activities to students prepararing for professional career education ……..……32

9. Османова Ибишева Евин, Николова Василева Валентина,

Емпириско истражување на слободното време на учениците од град Русе
Osmanova Ibisheva Evin, Nikolova Vasileva Valentina,
Empirical studies for the leisure time of students from Ruse ……...…..……37

10. Николова Василева Валентина,
Улогата на комуникацијата во училишно - воспитниот процес
Nikolova VasilevaValentina,
The role of communication in school – educational process ……42

11. Петровска Соња, Ступариќ Јована**,**
Компаративните истражувања во образованието
Petrovska Sonja, Stuparic Jovana,
Comparative research in education ……...……47

12. Атанасовски Диме**,**
Предуслови за квалитетна интегрална евалуација во воспитно-образовните институции
Atanasovski Dime,
Prerequisite for realization of quality integral evaluation in educational institutions …….54

13. Кузмановска Драгана, Кирова Снежана, Иванова Биљана,
Креативноста и знаењето го креираат патот до училишниот успех
Kuzmanovska Dragana, Kirova Snezana, Ivanova Biljana,
Creativity and knowledge trace the path to school success ……59

14. Ѓорѓева Петрова Емилија**,** Мирасчиева Снежана, Ставрева Веселиновска Снежана,
Организација, организациска култура и клима во основното училиште
Petrova Gorgeva Emilija,
Organization, organizational culture and climate in primary school ……...63

15. Угриновска Емилија, Илиевски Александар, Костадиновска Драгица, **Постои ли етика во училиштата?**
Ugrinovska Emilija, Ilievski Aleksandar, Kostadinovska Dragica,
Is there ethics in schools?.....71

16. Ѓорѓева Петрова Емилија, Кокотова Татјана,
Училишната организациска клима фактор за развој на современото училиште
Petrova Gjorgjeva Emilija, Kokotova Tatjana,
School organizational climate - factor of modern school development……74

17. Мирасчиева Снежана, Коцева Даниела,
Состојбата во воспитанието и образованието денес е предизвик за утрешнината и перспектива за иднината
Mirascieva Snezana, Koceva Daniela,
State in education today is a challenge for tomorrow and a perspective for the future……78

18. Митев Зоран, Камчева-Панова Лидија,
Соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител во современото основно училиште
Mitev Zoran, Kamceva-Panova Lidija,
Cooperation between parents and class teachers in modern primary school…….82

19. Дончева Јулија,
„Опонентното“ однесување на детето провоцирано од семејната средина
Doncheva Julia,
Opposition child's behavior provoced by the family ambience ……89

20. Јорданов Киро**,**
Кооперативна настава
Jordanov Kiro,
Cooperative teaching …….94

21. Смилкова Горица,
Учење низ експеримент
Smilkova Gorica,
Learning through the experiment ……103

22. Јовева Јадранка, Ташкова Елена, Камчева-Панова Лидија**,**
Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузијата на децата со попреченост во развојот при ООУ „Гоце Делчев“Штип
Joveva Jadranka, Taskova Elena, Kamceva-Panova Lidija,
Attitudes of class and subject teachers towards inclusion of children with developmental disabilities in OOU Goce Delcev – Stip ……..……..107

23. Богданов Благојче, Атанасова – Пачемска Татјана, Лазарова Лимонка,
Преглед и современи приоди во откривањето и работата со талентираните ученици за математика во Република Македонија
Bogdanov Blagojche, Atanasova – Pacemska Tatjana, Lazarova Limonka**,**
Review and contemporary approaches in the discovery and work with talented students of mathematics in Macedonia ……..115

24. Атанасова – Пачемска Татјана, Јовановска Добрила,
Современ приод во унапредување на процесот на оценување по наставниот предмет математика
Atanasova – Pacemska Tatjana, Jovanovska Dobrila,
Modern approach for improving math evaluation process …….121

25. Николовска Виолета,
Улогата на мајчиниот јазик во образованието
Nikolovska Violeta,
The role of Mother Language in Education ……..126

26. Панева Блага,
Фонетско-фонолошките аспекти на македонскиот јазик и процесот на неговата (не)употреба во основното и средното образование во Република Македонија
Paneva Blaga,
Phonetic-phonological aspects of the macedonian language and the process of its (non)use in primary and secondary education in the Republic of Macedonia ……131

27. Китанова Ирена,
Креативноста и стимулот на ученикот преку комплексната постапка за обработка на буква

Kitanova Irena,
Students' creativity and incentive through the complex procedure for processing a letter .137

28. Мартиновска Виолета**,**
Тежеста и моќта на словото
Martinovska Violeta,
The weight and power of the word ……141
..
29. Ристова-Михајловска Милена,
Интерпретација на средновековните автографи со цел нивно приближување до современиот реципиент
Ristova-Mihajlovska Milena,
Interpretation of medieval autographs for the purpose of convergence to modern Recipients ……...…….143

30. Миловска Добрила,
Авторството на панонските легенди
Milovska Dobrila
Authorship of panonnian legends ……150

31. Дончева Јулија, Ахмедова Нурсал,
Интерактивни технологии во наставата со рана училишна возраст со помош на информациско-комуникациска технологија
Doncheva Julia, Ahmedova Nursal,
Interactive technologies for teaching and education in primary schoolage through information and communication technologies ……155

32. Османова Ибишева Евин,
Компјутерските дидактички игри – средство за интелектуален развој на детето
Osmanova Ibisheva Evin,
Computer didactic games - means of intellectual development of the child ……..….160

33. Коцева Даниела, Мирасчиева Снежана**,**
Социјализацијата и е-учење
Koceva Daniela, Mirascieva Snezana,
Socialization and e-learning ……..165

34. Јакимовска Милена,
ИКТ и предучилишните установи
Jakimovska Milena,
ICT and kindergartens ……169

35. Чепреганов Тодор, Николова Соња,
Толеранцијата и учебниците по историја во мултиетничко и мултиконфесионално општество? (македонски случај)
Cepreganov Todor, Nikolova Sonja,
Tolerance and history textbooks in multiethnic and multiconfessional society (macedonian case) ……172

36. Ристова-Михајловска Милена, Лазарева Наташа,

Училиштето како воспитно-образовна институција и просветата - некогаш и денес
Ristova-Mihajlovska Milena, Lazareva Natasa,
School as an educational institution in the past and in the present ……178

37. Насев Ленче,
Првиот прирачник по музичко воспитание за работа со деца од предучилишна возраст *Детето, музиката и ние* од Васил Попдучевски
Nasev Lence,
First manual in music education for work with preschool children *"The child, music and we"* by Vasil Popducevski ……..185

38. Михајловски Ангеле,
Прстната техника-клучен фактор за пијанистичката интерпретација во процесот на едукација и усовршување
Mihajlovski Angele,
Finger technique- key factor for interpretation by piano in the process of education and training ……189

39. Џамбазова Николовска Вања, Николовска Вратеовска Данче, Вратеовски Миле**,**
Социо-економска стратификација и образованието како фактор на општествена мобилност
Djambazova Nikolovska Vanja, Nikolovska Vrateovska Danche, Vrateovski Mile,
The socio-economic stratification and education as a factor of social mobility …….194

40. Николовска Вратеовска Данче, Џамбазова Николовска Вања, Мојсоска Снежана,
Еволуцијата на економското знаење за макроекономската стабилност низ призма на макроекономските парадигми
Nikolovska Vrateovska Danche, Djambazova Nikolovska Vanja, Mojsoska Snezana,
The evolution of economic knowledge about macroeconomic stability through the prism of macroeconomic paradigm ……..200

41. Ангеловска Александра,
Зајакнување на капацитетите на казнено-поправните установи преку образованието, обуката и стручното усовршување како облици на третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор
Angelovska Aleksandra,
Strengthening the capacities of detention and rehabilitation centers through education, training and professional specialization as form of treatment of convicted people with sentence of imprisonment ……..…….207

ПРЕДГОВОР

Публикацијата под наслов „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“ е продукт на размислувањата, искуствата, иницијативите и предлозите, теориски и емпириски сознанија кои беа презентирани на истоимената конференција, која се одржа на 13 мај 2015 година во Собранието на општина Штип. Овогодишната конференција, трета по ред, е во организација на Советот на Општина Штип и Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, во рамките на Меморандумот за соработка. Самата конференција е само еден од облиците на одбележување на 24 мај „Св. Кирил и Методиј“, денот на сесловенските просветители кои го чествуваат просветните работници. Публикацијата „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“ е зборник на трудови во издание на Наионална Установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ Штип. Всушност, зборникот е сведок за еден настан кој остава силен печат во македонската педагошка ризница. Научно-стручниот карактер на конференцијата овозможи не само размена на искуства и анализа на состојбата во воспитанието и образованието на сите нивоа туку и трасирање на патот за иднината на воспитно-образовниот систем во целост како еден од основните темели на развојот на заедницата. Содржински текстовите во публикацијата третираат прашања од различни аспекти на воспитанието и образованието, во сферата на наставата, наставникот, ученикот, наставните средства, целите и содржините во воспитно-образовниот процес на сите образовни нивоа, од предучилишно, преку основно и средно до високо-образовните институции. Исто така се среќаваат текстови кои говорат и за специфичностите на одделни видови дидактички модели на настава, во различни типови на училишта, проблемот на слободното време на учениците како и факторите кои влијаат на неговата содржинска димензија со што се богати педагошко-дидактичкиот тезаурус. Низ испишаните редови се поместени теориско-емпириските размисли кои го третираат прашањето за употребата на мајчиниот јазик во наставата, аналитичките погледи кон одделни пишани документи од богатата македонска ризница на пишани дела кои уште повеќе придонесуваат за широкиот и разновиден дијапазон на размисли на просветните работници. Со тоа оваа публикација добива трајна вредност како за педагошките научници така и за педагошките практичари. Проблемот на модернизација на воспитанието и образованието е и временски димензиониран поаѓајќи од анализа на состојбата преку посочување на тенденциите до визионирање на перспективите за натамошен развој. Во редовите испишани на повеќе од двесте страници, можат да се сретнат содржини кои се насочени кон соработката со родителите, со што прашањето на единство на воспитните фактори не останува изолирано. Интересно е да се споменат и размислувањата како и искуствата на дел од просветните работници во однос на примената на современата технологија и техника во наставата, што упатува на заклучокот дека наставата е предмет на интерес и е целно насочена кон нејзино унапредување од страна на непосредните учесници, планери и реализатори на самиот процес, наставниците.

Оваа публикација не ја исцрпува целокупната проблематика која е предмет на интерес на конференцијата, со оглед на актуелноста на феноменот воспитание и образование во времето и на местото каде се истражува и проучува. Сложената природа на проблемот како и неговата условеност од општественото опкружување, науката, техничко-технолошкиот развој, отвора нови полиња за дискусија, идеи за развивање на нови практики со една единствена цел, унапредување на воспитно-образовниот процес заради зголемување на квалитетот на самиот процес и на знаењето како негов продукт.

Но останува да сведочи за еден настан, една состојба, во одредено време како четиво за генерациите што идат.

Мај, 2015
Штип

Главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

Литература

- Cortot, Alfred. „Principes Rationnels de la Technique Pianistique“, Ed. Salabert, Paris, 1928
- Gat, Joszef. *The Technique of Piano Playing*. Trans. Istvan Kleszky. London: Collet's, 1974.
- Glen, Coote, Darryl (1989). The Influences of Alfred Cortot on the Performance, Teaching and
- Research-editing of Piano Music from the Romantic Era.Faculty of Music at the University of Melbourne.
- Taylor, Caren M. Alfred Cortot (1988) His Interpretative art and Teachings. Indiana
- University.
- Taylor Gobet, F. (1998). Expert memory: A comparison of four theories. *Cognition*
- Taylor Dubal, David. *Reflections from the Keyboard: The World of the Concert Pianist*. New
- York: Schirmer, 1997.

УДК 316.44:37
(прегледен труд)

СОЦИО-ЕКОНОМСКА СТРАТИФИКАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФАКТОР НА ОПШТЕСТВЕНА МОБИЛНОСТ

м-р Вања Џамбазова Николовска[1], д-р Данче Николовска Вратеовска[2], Миле Вратеовски[3]
[1] Одделение за јавни служби, Локална самоуправа Штип,[2] Совет на о.Штип, Министерство за финансии- Управа за јавни приходи, РД Штип, [3] Национална установа центар за култура Ацо Шопов, Народен театар Штип

Апстракт:*Сложените процеси на рапиден раст и развој на најновите научни достигнувања, иновациите и пропулзивната техника и технологија, повлекува и диференцирање на нови основни социјални групации чија што основна цел ќе биде апликативно ставање на знаењето во функција на производствен ефект. Ваквата констелација на социо-економски услови повлекува и континуирана потреба од нови и високоспецијализирани знаења а индивидуите кои ги поседуваат ваквите знаења, борејќи се за повисок општествен статус, ќе ја имаат можноста да одговарат на новосоздадените економски и општествени потреби, притоа придвижувајќи се двонасочно на вертикалната стратификациона општествена скала. Овој труд има за цел, набљудувано во контекст на комплексната појава на општествена стратификација а низ призмата на образованието како фактор на општествена подвижност, да ги детерминира основните трансмисиони канали на ваквото влијание, да ги согледа ограничувачките фактори во ваквите процеси и појави, нивната рефлексија и идните предизвици и во случајот на Р.Македонија. Користената научна методологија е историско-компаративниот метод, статистичкиот помошно-технички метод, методот на анализа и експликативно-воопштувачкиот метод.*
Клучни зборови*: иновации, пропулзивна техника и технологија, нови социјални групации, знаење, производствен ефект, општествен статус, економски потреби, општествени потреби;*

THE SOCIO-ECONOMIC STRATIFICATION AND EDUCATION AS FACTORS OF SOCIAL MOBILITY

M. A. Vanja Djambazova Nikolovska[1], PhD. Danche Nikolovska Vrateovska[2]
Mile Vrateovski[3]
[1]Department for public service, Local Government-Stip, [2] Ministry of Finance - Public Revenue Office, Municipal Council – Shtip, [3] National Institution Center for Culture Aco Shopov, Theatre Stip

Abstract:*The complex process of rapid growth and development of the newest scientific advancements, innovation, propolsive technique and technology implicates differentiation of new basic social groups, whose main goal will be applicative putting of knowledge in the function of production effect. This constellation of socio-economic conditions*

implicates a continuing need for new and highly specialized knowledge and individuals who possess this knowledge, fighting for a higher social status, will have the opportunity to respond to the newly created economic social needs, going in a two-way direction on the vertical social stratification scale. This paper aims, considered in the context of the complex phenomenon of social stratification and through the prism of education as a factor of social mobility, to determine the main transmission channels of this influence, to see the limiting factors in these processes and appearances, their reflection and future challenges in the case of Macedonia. The used scientific methodology includes the historical-comparative method, the statistical and technical-assisting method, analysis and the explicative-generalizing method.
Key words: *innovation, propulsive technique and technology, new social groups, knowledge production effect, social status, economic needs, social needs.*

Вовед

Општеството како заедница на луѓе е организирана, психолошка, морална, културна, но пред се е економска и производствена заедница. Уште од настанувањето на првобитните општества, луѓето се здружувале со цел полесно да обезбедат материјални добра за опстанок. Франклиновата дефиниција за човекот како животно кое прави орудија, не води до марксистичкото сфаќање дека човекот е производ на трудот. Во првобитното општество здружувањето во групи за да се овозможи материјалното производство (најпрво собирачкото стопанство а подоцна и ловот и риболовот, земјоделството и сточарството) претставувало основен императив за опстој. Потребата да се олесни обезбедувањето на материјални добра, не води до процесот на создавање орудија, а живеењето во група со текот на времето ја имплицира појавата на говорно општење како опредметена човекова свест. На тој начин се создава *општествената економска база* врз која подоцна се доразвиваат и надоврзуваат и политичката (државата, правото, политичките институции, бирократијата) и духовно-идејната надградба (науката, образованието, филозофијата ,уметноста, религијата, моралот, идеологијата). Ова е само еден историско-антрополошки аргумент во прилог на фактот дека економските фактори го имаат примарното влијание при содавањето на сложената општествена структура и дека се останато е општествена надградба. Нивото на развиеност на општеството е во пропорционална зависност со нивото на развој на производно-материјалните средства за производство, односот кон сопственоста и степенот на поделбата на трудот и професиите. Освен економските фактори, врз сложената општествена стварност значајно влијание имаат и политичките фактори, културно-идејните, религиозните, моралните фактори итн. Процесот на социјална диференцијација, во секојдневното општење честопати се поистоветува со процесот на *општествена диференција*, но мораме да подвлечеме дека станува збор за два различни процеса на создавање на општествените разлики. Имено, *социјалната диференцијација* е процес во кој се создаваат разликите кај поединците и слоевите во социјален поглед. Таа е интеракциски поврзана со процесот на *економска диференцијација* како процес на создавање на економски разлики помеѓу припадниците на општеството. Процесот на општествена диференцијација ги опфаќа претходните два процеса и го детерминира создавањето на севкупноста на разликите во општествен поглед помеѓу членовите на заедницата.

Општествената стратификација и социјалната подвижност

Општеството е комплексна творба, органска заедница во рамки на која се одвиваат мноштво од сложени, взаемно поврзани и испреплетни процеси и односи. Тоа има сопствена структура и е стратифицирано на општествени слоеви. *Општествената стратификација* настанува како резултат на општествената диференцијација и процесот на општествено раслојување (како хиерхизирање на создадените разлики во процесот на општествена диференцијација). Општествената позиција на еден социјален слој произлегува од преплетувањето на имотно-материјалниот, финансискиот, образовниот, професионалниот, политичкиот, културниот и престижниот статус на неговите членови и на потесните социјални групации кои припаѓаат на дадениот социјален слој. Припадниците на определен општествен слој настојуваат да ја променат својата општествена полжба (доколку припаѓаат на пониските социјални слоеви) или да ја

зачуваат својата позиција (доколку нивната припадност е кон повисоките социјални слоеви). Овој индивидуален и/или колективен напор е поврзан со прашањето на општествена подвижност. Научното спознавање на *општествената подвижност* (како процес на придвижување на припадниците на една општествена заедница во рамки на еден општествен слој – доколку е *хоризонтална*; и / или од еден општествен стратум кон друг – доколку станува збор за *вертикална* подвижност на општествената стратификациона скала) претставува основен императив за објективно согледување на комплексната природа на општествените појави како основни структурни елементи на самото општество. Имено, *стапката на општествена подвижност* влијае врз формирањето на општествените слоеви, т.е. висината на стапката на социјална мобилност и менувањето на општествениот статус на поедниците и групите е основна детерминанта за континуираното менување и градење на сложената општествена структура. Доколку постои ниска стапка на општествена подвижност станува збор за општество од затворен тип во кој што припадниците на слојот во истиот останувааат долг период, што од друга страна создава услови за развивање на силни кохезивни примарни и секундарни врски помеѓу нив, се развива посебна субкултура како начин на однесување, начин на живеење, животни погледи и вредности на припадниците на слојот: се зајакнува социјабилитетот на општествениот стратум. Но ова едновремено, претставува опкружување во кое лесно се кумулираат спротивставените интереси и цели помеѓу одделените слоеви, што може да предизвика нестабилност на општествениот систем и судири од поголеми размери. Обратна е состојбата кога во општеството стапката на подвижност е висока-имаме општество од отворен тип. Ова создава простор за индивидуалните можности, интензивна општествена динамика и континуирано социјално, економско и општествено раслојување, при што кохезивноста во слојот не е изразена, но исто така и можноста за колективизирање на индивидуалните аспирации, тенденции, интереси и цели, што обезбедува висок социјабилитет т.е. стабилност на општествениот систем во целост. Компаративната историска анализа при иследувањето на општествата од затворен тип не води до кастите во Индија каде што закостените и речиси непроменливи кастински поделби биле „регулирани„ со божјата волја и милост, се стекнувале со самото раѓање а обидот за напуштање на кастата за да се премине во друга повисока каста претставувал чин кој повлекувал општествена изолација, па дури во прашање била ставана и можноста за егизстенција за непослушниот поединец. За припадниците на сталежите кои постоеле во Франција се до донесувањето на Декларацијата за човекови права 1789 година, забраните за промена на од раѓање стекнатата сталешка припадност, биле регулирани со правни норми. Поранешното социјалистичко општество исто така од многу мислители е подвлечено како општество со ниска стапка на општествена подвижност т.е. како општество од затворен тип (Христов, 2007).

Посткапиталистичкото општество, факторите на општествената подвижност и меѓугенерацискатa економско-социјална мобилност

Денешното современо, посткапиталистичко општество е третирано како општество од отворен тип, во рамки на кое постои континуирана и интензивна циркулација т.е. општествена подвижност помеѓу припадниците на различните општествени слоеви. Тоа значи дека живееме во време кога индивидуалните можности корелирани со интелектот, вештините и способностите на талентираните поединци се навидум речиси неограничени. Но современата научната мисла подвлекува дека и современото општество не е во целост од отворен карактер и дека и во него евидираат оставштини од поранешното кастинско и сталешко општество. Илустрација за тоа се генерално подредената општествената положба на црната раса, мексиканците, евреите итн. *Меѓугенерацискатa општествена подвижност* ја претставува социјалната мобилност што настанува помеѓу две различни генерации (татко-син, мајка – ќерка и сл.) Индикативни се добиените резултати од истражување за меѓугенерацискатa општествена мобилност спроведено во Франција и САД, при што е сублимирано дека само 35% од синовите на татковци кои се занимавале со мануелна работа, успеале да го променат општествениот статус и да се занимаваат

со немануелна работа. Во Јапонија овој процент е 33%, во Германија 30% а во Шведска 29% (Lipset and Bendix, 1959). Исто така, голем број на истражувања говорат дека зад декларативно манифестираниот идеал на еднакви општествени можности (и во правна; и во политичка и во социјална смисла) многу често се кријат интерни уредби, правила и критериуми кои го инхибираат или оневозможуваат влезот на нови и надворешни лица во групата (кога таа е формална и секундарна). Во рамки на различните општи, посебни и конкретни фактори на влијание на стапката на општествената подвижност се развиле различни социолошки парадигми, но при истите, генерално се нотираат економските фактори (односот кон сопственоста: сопственици и несопственици; поделбата на трудот и најразличните професии и занимања кои различно се вреднуваат), процесите на деаграризација, индустријализација и урбанизација (напуштање на селото и аграрните занимања и дејности, мигрирање кон градот и премин во некоја индустриска производна дејност), политичките услови (концентрацијата на политичката моќ како способност да се наметне сопствената волја дури и кога мнозинството се спротивставува на истата и прераспределбата на општественото богатство, прераспределбата на власта и овластувањата како институционализирана општествена моќ) и образованието.


Образованието како фактор за економско-социјална стратификација и општествена подвижност

Меѓу факторите на општествената подвижност денес посебна важност му се придава на образованието. Во поранешните фази на развојот на општеството и во почетните етапи на развојот на капиталистичкото општество, образованието како фактор на општествена подвижност играло мошне скромна улога, затоа што истото имало тесна класно-социјална основа и било достапно (посебно повисоките образовни степени) само за припадниците на повискоите општествени слоеви. За припадниците од селските населби достапни биле само пониските степени на образование, кои обезбедувале неопходен низок степен на способност за занимања, со низок професионален општествен статус и вреднување. Динамичниот и рапиден развој на новите пропулзивни техники и технолошки пронајдоци кои го карактеризираат современиот економски развој и се одлика на денешното општество, ја имплицираа потребата од највисоки стручни знаења и вештини кои брзо застаруваат. Ова е причина образованието да се постави на најширока општествена основа и континуирано да се усогласува со потребите на реалниот сектор и пазарот на труд. Припадниците на пониските слоеви се стекнуваат со можноста да ја напуштат дејноста на нивните родители и да се активираат во најразлични економски дејности, професии и занимања кои и општествено и материјално повисоко се вреднувани, што повлекува и суштинска промена на социјалниот статус. Во современото општество природните ресурси, трудот и капиталот повеќе не се компаративна предност на економијата. Во денешна констелација на услови знањето претставува економска база. Влијанието на образованието и науката врз економијата е силно и непосредно: образованието и науката и самите претставуваат производна сила а економскиот раст и развој е условен од научните истражувања и нивната технолошка применливост. Иновацијата претставува творечка деструкција (Schumpeter, 1919). Човечкиот капитал и знаењето стануваат најзначајни економски ресурси. Проекциите на современите мислители се дека социјалната структура на општеството целосно ќе се измени. Традиционалната поделба на сопственици и несопственици наполно ќе исчезне. Основни социјални групации ќе бидат вработените во полето на научните дејности, професионалните администратори задолжени за распределба и примена на научното знаење во дадени производствени и други области и наемните работници ангажирани во сферата на науката и научните дејности (Drucker, 2010). Првостепено значење добива управувањето т.е. менаџментот кој се раздвојува од функцијата на сопственост (сопствениците повеќе не менаџираат со фирмите туку тоа го препуштаат на лица со знаење и квалификации за менаџмент).Традиционалното знаење е општо, научното знаење е специјализирано. Управувањето е базирано на научно знаење (Becker, 1994). Белег на постиндустриското општество му удараат и општествените организации, кои се групи составени од специјалисти, чиј карактер зависи од

природата на основната дејност на групата и нивната основна функција е знаењето да го претворат во призводен ефект. Колку поспецијализирани се знаењата - толку поголеми се резултатите од нивната примена. Интензивниот и динамичен развој повлекува и брзо застарување на знаењата, што предизвикува и силни социјални поместувања: лицата кои повеќе не поседуваат знаења и капацитет да одговорат на новосоздадените потреби, им го отстапуваат своето работно место на кандидатите со адекватно знаење за извршување на новите дејности. Колку се поразвиени условите за промоција и напредување на квалификуваните кадри и талентираните со специјализирани знаења, толку стапката на општествената подвижност е повисока. Новите немануелни, интелектуални професии кои во голем дел гравитираат во терциерниот сектор се различно општествено и материјално вреднувани, што од друга страна зборува за постоење на професионална, економска и социјална раслоеност.

Образованието, општествената подвижност и можноста за вработување во Р.Македонија

Бројни студии докажале дека постои тесна корелациона врска помеѓу нивоата на образование, можностите за вработување и заработувачка на пазарот на труд. Потврда за тоа е и анализата на податоците на невработени лица (во вкупен број од 97 458 лица) во Р.Македонија според образовната структура. Имено, вкупното учество на невработените лица кои се стекнале со високо образование, магистратура или со степен доктор на науки изнесува само 17,9% од вкупниот број на невработени во месец јануари, 2014 година, додека останатите високи 82,1% отпаѓаат на работна сила без образоание, со основно, средно и вишо образование. Имено, ваквото учество на невработените е графички прикажано на подолупоместениот графикон: учеството на лицата без образование и со основно образование во вкупниот број на невработени лица изнесува 2,7%, на лицата со непотполно средно изнесува 17%, на невработените со средно образование изнесуа 35%, со вишо образование 3%, со високо образование 17%, со магистратура 1% и учеството на невработени доктори на науки во вкупниот број на невработени лица изнесува 0,02% (Вратеовска Н. Д., Николовска Ц.В., Тиквешанска Н. В., 2014). Националната аналитика на фокус групата млади од 15 до 24 годишна возраст подвлекува дека, колку што е повисоко нивото на образование на младите, толку е повисока стапката на учество во работната сила. Младите (15-24) со основно и тригодишно средно образование бележат стапки на активност што се помали од половина од младите со четиригодишно средно образование (16,7% наспроти 40,5% во 2011 година, односно Младите со високо образование имаат највисоки стапки на активност од сите (78,8% во 2011 година). Исто така, просечниот бруто месечен приход на младите (15-24) е за 1,7 пати понизок отколку кај возрасните (30-59). Оваа разлика во нивото на приходи се должи на пониското ниво на образование на возрасната група 15-24 година и на помалку одработените часови. Просечните бруто приходи на поединците со основно и тригодишно средно образование се за 30% пониски од приходите на поединците со четиригодишно средно образование. Високото образование носи повисоки приходи, при што високо образованите поединци заработуваат 80% повеќе од оние со четиригодишно средно образование (МТСП, 2012). Освен степенот на образование, можноста за вработување е правопропорционална функција од степенот на вештини, способности и квалификации со кои индивидуата се стекнува преку неформалното образованите и преку работното искуство (Hannan, Smyth, 2013). Работодавачите ги преферираат работниците со подобри квалификации, што значи дека за таквите работници побарувачката на пазарот на труд би била поголема, што би повлекло и повисока цена на ваквиот труд и/или човечки капитал, т.е. поголема можност за повисока заработувачка.



Сл. 2 Учество на невработените лица според ниво на образование во вкупен број на невработени во Р.Македонија, 2014 година (Извор: АВРМ а, обработка на авторот)

И покрај фактот дека образованието претставува еден од најзначајните фактори за општествена подвижност по вертикално стратифицираната општествена скала, сепак, постои индикативен број на научни истражувања кои укажуваат дека образовните фактори се оптоварени со сериозни ограничувачки елементи кои не обезбедуваат широка општествена основа и еднакви можности за образование на припадниците од сите општествени слоеви. Во современите услови за живот кои се канализирани од пазарно-економските законитости и образованието е базирано на пазарно-комерцијални принципи. За да се стекне образование во повисоките и највисоките образовни институции, потребни се големи суми на финансиски средства кои припадниците на најниските социјални слоеви не се во можност да ги обезбедат. Исто така, висок е степенот на корелација помеѓу социјалното потекло на поединците и степенот на образование: социјалната положба на родителите пресудно влијае врз степенот на образование и социјалниот статус на нивните деца. Неретко образовниот систем може да наметне и ограничувања за дадени општествени припадници врз основа на етничката и половата припадност.

Заклучок

Во функција на обезбедување услови на еднакви можности и широка општествена основа при пристапот во образовниот процес, во Р.Македонија беа превземени бројни законски, програмски и институционални решенија со цел обезбедување на поквалитетно образование и поширока образовна инклузивност. Во овој контекст ќе ги споменеме измените во регулативата кои се однесуваат на воведување задолжително средно образование (до 2009 година во земјава има релативно висок процент на лица што рано го напуштаат образованието: уделот на населението на возраст помеѓу 18 и 24 години што има завршено најмногу основно образование изнесувал 23% во 2006 година, а во 2011 година се намалил на 13,5% (Коалиција Сега, 2012)), засилените ангажмани за усогласување на програмите за стручното образование со потребите на пазарот на труд како и мерките на АВРМ во оваа насока, издвоените средства за подобување на инфраструктурните и техничките образовни капацитети, субвенционирањето на училишниот превоз, учебниците, проектот компјутер за секое дете, дисперзираното високо образование, воведување на претприемништвото во рамки на наставните програми во средното образование, итн. Освен тоа, се применуваат стипендии за талентирани ученици од познати работодавци, од национални и меѓународни фондови за стипендирање, се применува општествена позитивна акција која вклучува квоти за припадници од различни етникуми, субвенционирни програми за дефицитарни образовни профили, субвенционирани програми за дадени ранливи социјални категории, итн. Останува контуинираната потребата од системска, интегрирана и сеопфатна мултисекторска

акција со цел обезбедување на образовен систем кој би бил доволно еластичен брзо да одговори на рапидните техничко-технолошки промени; и би произведувал висококоспецијализирани кадри кои соодветно би одговориле на тековните потреби на пазарот на труд и реалниот сектор.

Литература

- АВРМ (2014 а).,,Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.01.2014 година,, *Извештаи,* АВРМ
- АВРМ (2014 б). *Оперативен План за услуги на пазарот на трудот и активни мерки на пазарот на трудот за 2015 година,* АВРМ
- Вратеовска Н. Д., Николовска Ц.В., Тиквешанска Н. В. (2014).,, Микро и макроекономски аспекти за влијанието на образованието врз човековиот капитал, пазарот на труд и економскиот раст и развој,, Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: *Современото воспитание и образование, состојби, предизвици и перспективи*, Штип:НУ-УБ „Гоце Делчев“
- Коалиција Сега (2014)*Истражување за актуелните политики за младинско вработување на ЕУ и Р. Македонија*, Коалиција Сега
- МТСП (2012). *Акциски План за вработување на младите до 2015 година*, МТСП
- Христов Р. (2007). *Социологија за економисти*, Економски факултет, УКИМ
- Becker G. (1994). *Human Capital: A Theoretical and Empirical Analysis with Special Reference to Education*, Chicago: The University of Chicago Press.
- Drucker P. F. (2010). *Technology, Menagament and Society*, internet archive
- Hannan D. F.and Smyth E. (2013).New Perspectives for Learning. *International Scientific Conference: The role of education in labour market changes, Economic and Social Research Institute, Dublin, Proceedings*.
- Lipset S. and Bendix R. (1959). *Social Mobility and Industrial Society*, London
- Schumpeter J. A. (1919). *The sociology of imperialisms*. Germany: Archiv für Sozialwissenschaft und Sozialpol

УДК 330.88:330.34/.35
338.22(497.7)
(прегледен труд)

ЕВОЛУЦИЈАТА НА ЕКОНОМСКОТО ЗНАЕЊЕ ЗА МАКРОЕКОНОМСКАТА СТАБИЛНОСТ НИЗ ПРИЗМА НА МАКРОЕКОНОМСКИТЕ ПАРАДИГМИ

д-р Данче Николовска Вратеовска[1] , м-р Вања Џамбазова Николовска[2] , д-р Снежана Мојсоска[3]

[1]Министерство за финансии- Управа за јавни приходи, РД Штип,[2] Совет на о.Штип, Одделение за јавни служби, Локална самоуправа Штип, [3]Факултет за безбедност-Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“

Апстракт:*Макроекономската стабилност и економскиот раст се најзначајни цели во развојот на една национална економија. Не може да се остварува економски растеж без одреден степен на макроекономска стабилност, како што не може да се оствари макроекономска стабилност без економски раст и развој. Затоа, неопходно е синхронизирано дејствување на макроекономската и на развојната политика за одржување на потребниот степен на стабилност и раст во земјата. Овој труд има за цел, низ призма на доктрините на главните макроекономски школи да укаже на релативноста на економското знаење за начинот на водење и ефектите од одделните макроекономски политики (како теоретски така и апликативни) по одделни земји вклучувајќи ја и Македонија; и уште поважно: преку историскиот метод,*